АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 0201-141/5
31.01 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 158- ѕ точка 1) од Законот за супервизија на осигурување - пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 ("Службен весник на РМ" бр. 45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 ("Службен весник на РМ" бр. 60/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 122/2011 ("Службен весник на РМ" бр. 64/2012), а во врска со точка 2, подточка 2.2.2/2/4 од Прилогот кон Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви ("Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010, 169/2010 и 41/2011), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на очекуваниот коефициент на штета за 2013 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува очекуваниот коефициент на штета за 2013 година, кој друштвата за осигурување и реосигурување се должни да го применуваат при пресметка на резервите за настанати но непријавени штети со употреба на *Методот на очекуван коефициент на штета* согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви.

**Член 2**

Очекуваниот коефициент на штета од член 1 од оваа Одлука изнесува 0,65.

**Член 3**

Оваа Одлука ќе биде доставена до друштвата за осигурување и реосигурување и објавена на интернет страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Во Скопје

На ден 30.01.2013 година

**Претседател на Совет на експерти**

**д-р Климе Попоски**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ * СКОПЈЕ *